Врз основа на член 23 од Законот за Македонската академија на науките и уметностите („Службен весник на РМ“ бр.13/1996, 5/2009 и 59/2012), член 158 став 2 од Статутот на Македонската академија на науките и уметностите – пречистен текст („Билтен“ бр.1/2013), Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите („Билтен“ бр. 1/2014), Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите („Билтен“ бр. 1/2015) и Одлуката за пристапување кон измена на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите арх. бр.02-1825/1 од 31.5.2019 година, Собранието на Македонската академија на науките и уметностите, на седницата одржана на 15 декември 2020 година, донесе

арх.бр.02-3265/1
дата 21.12.2020.

# ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите

### Член 1

Во Статутот на Македонската академија на науките и уметностите – пречистен текст („Билтен“ бр.1/2013), Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите („Билтен“ бр. 1/2014), Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите („Билтен“ бр. 1/2015), во членот 45 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Во случај на вонредни околности (воена, вонредна или кризна состојба, елементарна непогода, епидемија и друго), Претседателството на Академијата може да донесе одлука за привремено продолжување на датумот за почеток на избор на членови на Академијата, со што изборот може да биде извршен по подолг временски период во однос на периодот утврден во став 1 од овој член.“

Ставот 2 станува став 3.

Ставот 3 кој станува став 4 се брише.

### Член 2

По членот 45 се додаваат нови членови 45-а, 45-б, 45-в и 45-г кои гласат:

„Член 45-а

Членови на Академијата се: членови во работниот состав, членови надвор од работниот состав и почесни членови.

Членовите на Академијата во работниот состав се со статус на редовни или на дописни членови.

Вкупниот број членови на Академијата во работниот состав е ограничен на 60 членови, притоа водејќи сметка за рамномерна застапеност на бројот на членови во одделенијата на Академијата.

Редовниот член има назив академик.

Член 45-б

За редовни членови на Академијата се избираат, истакнати научници или уметници, чии индивидуални научни трудови или уметнички остварувања

претставуваат високи достигања и се меѓународно признати, кои постојано живеат во Република Северна Македонија и се нејзини државјани.

За дописни членови на Академијата се избираат истакнати научници или уметници, кои на денот на објавувањето на конкурсот немаат навршено 70 години возраст, чии индивидуални научни трудови или уметнички остварувања претставуваат значаен придонес и се меѓународно признати, кои постојано живеат во Република Северна Македонија и се нејзини државјани.

За членови на Академијата надвор од работниот состав се избираат истакнати научници или уметници кои се државјани на Република Северна Македонија, а не живеат постојано во Републиката, или се странски државјани, чии научни трудови или уметнички остварувања претставуваат високи достигања и се пошироко признати, а особено оние чии научни трудови или уметнички остварувања се од значење за Републиката.

За почесни членови на Академијата се избираат лица кои имаат особено големи заслуги за развојот на науката и уметноста во Републиката.

Член 45-в

За членови на Академијата се избираат истакнати научници кои се доктори на науки од соодветната област.

За членови на Академијата се избираат истакнати уметници со високо образование.

Член 45-г

Високи достигања во науката за избор на редовен член подразбира препознатливи оригинални научноистражувачки резултати и индивидуални трудови (остварени со самостојна работа на кандидатот или под негово раководство) кои се водечки во соодветната научна област и се високо оценети и признати во Републиката и во странство, а се применети и решенија засновани на нив. Од особено значење е афирмацијата на кандидатот како водечка личност во соодветната научна област на дејствување.

Високи достигања во уметноста за избор на редовен член подразбира врвно препознатливо уметничко творештво (остварено со самостојна работа на кандидатот или под негово раководство) што содржи оригинални облици на изразување кои се високо оценети и признати во Републиката и во странство. Од особено значење е афирмацијата на кандидатот како водечка личност во областа на уметничкото творештво.

Значаен придонес во науката за избор на дописен член подразбира оригинални научноистражувачки резултати и индивидуални трудови (остварени со самостојна работа на кандидатот, под негово раководство, како и работа во тим, со изразен личен придонес на кандидатот) кои значително го збогатуваат знаењето од соодветната научна област и се високо оценети и признати во Републиката и во странство.

Значаен придонес во уметноста за избор на дописен член подразбира врвно уметничко творештво (остварено со самостојна работа на кандидатот, под негово раководство, како и работа во тим, со изразен личен придонес на кандидатот) што содржи оригинални облици на изразување кои се високо оценети и признати во Републиката и во странство.

Високи достигања во науката за избор на член надвор од работниот состав подразбира препознатливи оригинални научноистражувачки резултати и трудови (остварени со самостојна работа на кандидатот или под негово раководство) кои се водечки во соодветната научна област и се високо оценети и се пошироко признати,

особено оние што се од значење за Републиката, а се применети и решенија засновани на нив. Од посебно значење е афирмацијата на кандидатот како водечка личност во соодветната научна област на дејствување.

Високи достигања во уметноста за избор на член надвор од работниот состав подразбира врвно препознатливо уметничко творештво (остварено со самостојна работа на кандидатот или под негово раководство) што содржи оригинални облици на изразување кои се високо оценети и се пошироко признати, особено оние што се од значење за Републиката. Од посебно значење е афирмацијата на кандидатот како водечка личност во областа на уметничкото творештво.

Особено големи заслуги во науката и уметноста за избор на почесен член подразбира резултати од лични залагања на кандидатот што придонеле за развојот на науката и уметноста во Републиката, и за нејзино афирмирање во светот, како и за развојот, етаблирањето и просперитетот на Академијата.

Член 45-д

Собранието на Академијата со посебни правилници ги уредува и утврдува:

– постапката за избор на членови во Академијата кој поблиску ги пропишува постапката за избор на членови во работниот состав, за избор на членови надвор од работниот состав и на почесни членови и за промена на статусот член во работниот состав во статус на член надвор од работниот состав и обратно; и

– критериумите за избор на членови на Академијата кој поблиску ги пропишува задолжителните квалитативни и квантитативни критериуми за оцена на високите достигања, значајниот придонес и големите заслуги во областа на науките и уметностите, во согласност со важечките стандарди во светот, приспособени на условите во соодветните научни и уметнички области во Републиката."

**Член 3**

По насловот „а) *Избор на членови во работниот состав*" се додава нов член 45-ѓ кој гласи:

„Член 45-ѓ

Претседателството на Академијата, најмалку десет месеци пред денот кога ќе се врши избор, ги известува одделенијата на Академијата за почнување на изборниот процес.

Одделенијата поднесуваат предлози до Претседателството за потребниот број кандидати за дописни членови, по одделенија со научно или уметничко подрачје/област.

Претседателството ги разгледува предлозите и донесува одлука за објавување конкурс со која ја утврдува содржината на конкурсот, притоа водејќи сметка за рамномерна застапеност на бројот на членови во одделенијата на Академијата."

**Член 4**

Членот 46 се менува и гласи:

„Конкурсот се објавува за избор на членови во работниот состав, за избор на членови надвор од работниот состав и на почесни членови, и за промена на статусот член надвор од работниот состав во статус на редовен или на дописен член.

Со конкурсот се определува бројот на одобрени места за избор на дописни членови по одделенија со научно или уметничко подрачје/област, при што првиот избор на кандидат за член во работниот состав се врши во статусот дописен член.

Редовните членови се избираат од редот на дописните членови.

Конкурсот се објавува јавно најмалку шест месеци пред денот кога ќе се врши изборот.

Конкурсот трае два месеца од денот на неговото објавување."

**Член 5**

Членот 47 се менува и гласи:

„Предлог за избор на членови во работниот состав, односно на дописни членови, во согласност со член 46 став 2 од овој Статут, може да поднесат: одделенијата на Академијата, сенатите на универзитетите, наставно-научните совети на факултетите, наставно-научните уметнички совети на уметничките академии и советите на научните установи во согласност со конкурсот и со правилниците што ги уредуваат постапката и критериумите за избор на членови на Академијата."

**Член 6**

Членовите 48, 49 и 50 се бришат.

**Член 7**

Членот 51се менува и гласи:

„Предлозите за избор што се поднесени во согласност со Законот за Македонската академија на науките и уметностите, со овој Статут и со правилниците што ги уредуваат и утврдуваат постапката и критериумите за избор, Претседателството на Академијата, најдоцна во рок од десет дена по истекот на времето за поднесување предлози, ги доставува до соодветните одделенија."

**Член 8**

Членот 52 се менува и гласи:

„Одделението ги доставува предлозите со резултатите од гласањето на Претседателството на Академијата за натамошна постапка, најдоцна во рок од два месеца откако ги добило предлозите."

**Член 9**

Членот 53 се менува и гласи:

„Претседателството на Академијата ги разгледува предлозите за избор на член во работниот состав.

Предлозите на одделенијата што се доставени до Претседателството на Академијата по истекот на определениот рок или не се утврдени во постапка и според условите определени во овој Статут и во правилниците што ги уредуваат и утврдуваат постапката и критериумите за избор нема да бидат земени во натамошна постапка, за што Претседателството писмено го известува соодветното одделение.

За уредните предлози на одделенијата, Претседателството ја утврдува легитимноста на постапката и за секој предлог назначува известител од редот на членовите во работниот состав, по претходно доставен предлог за известител од одделенијата.

Претседателството ги упатува предлозите на Собранието на Академијата."

**Член 10**

Членовите 54 и 55 се бришат.

**Член 11**

Членот 56 се менува и гласи:

„Предлог за избор на член надвор од работниот состав и на почесен член на Академијата може да поднесат одделенијата на Академијата, во согласност со конкурсот и со правилниците што ги уредуваат постапката и критериумите за избор на членови на Академијата.“

**Член 12**

Во членот 57 ставот 2 се брише.

**Член 13**

Членот 58 се менува и гласи:

„Претседателството на Академијата ги разгледува предлозите за избор на член надвор од работниот состав и на почесен член.

Предлозите на одделенијата што се доставени до Претседателството на Академијата по истекот на определениот рок или не се утврдени во постапка и според условите определени во овој Статут и во правилниците што ги уредуваат и утврдуваат постапката и критериумите за избор нема да бидат земени во натамошна постапка, за што Претседателството писмено го известува соодветното одделение.

За уредните предлози на одделенијата, Претседателството ја утврдува легитимноста на постапката и за секој предлог назначува известител од редот на членовите во работниот состав, по претходно доставен предлог за известител од одделенијата.

Претседателството ги упатува предлозите на Собранието на Академијата.“

**Член 14**

Членот 59 се брише.

**Член 15**

Во членот 60 ставовите 2 и 3 се бришат.

**Член 16**

Членот 61 се менува и гласи:

„По завршувањето на расправата за сите предлози за избор на редовни членови, се пристапува кон гласање.

По завршувањето на гласањето за редовни членови, се пристапува кон расправа и гласање за предлозите за избор на дописни членови, потоа на членови надвор од работниот состав и, на крај, се пристапува кон расправа и гласање за предлозите за избор на почесни членови.“

**Член 17**

Членот 62 се менува и гласи:

„Изборот на членови на Академијата се врши со тајно гласање, со гласачки ливчиња.“

**Член 18**

Членот 63 се менува и гласи:

„Изборот на членови на Академијата го спроведува комисија составена од тројца членови на Академијата од работниот состав, избрани од Собранието.“

**Член 19**

Членот 66 се брише.

**Член 20**

Членот 67 се менува и гласи:

„Ако член на Академијата во работниот состав повеќе од една година не живее во Република Северна Македонија и не учествува во работата на одделението и на органите на Академијата, го известува соодветното одделение за датумот од кога не живее во Републиката, а тоа може да поведе постапка за промена на неговиот статус во статус на член надвор од работниот состав.

Ако членот на Академијата во работниот состав не го извести соодветното одделение за датумот од кога не живее во Републиката, одделението може да поведе постапка за промена на неговиот статус во статус на член надвор од работниот состав по претходни консултации со членот на Академијата.

Одлука за промена на статусот од став 1 на овој член донесува Собранието на Академијата на првата седница на Собранието на која се врши избор на членови на Академијата.“

**Член 21**

Членот 68 се менува и гласи:

„Ако член на Академијата надвор од работниот состав, кој е државјанин на Република Северна Македонија, се стекне со постојано живеалиште во Републиката и има континуирана научноистражувачка и уметничка активност во неа, за тоа го известува соодветното одделение по истекот на повеќе од една година од стекнувањето.“

**Член 22**

Членот 69 се заменува и гласи:

„Ако член надвор од работниот состав, кој е странски државјанин, прими државјанство на Република Северна Македонија, се стекне со постојано живеалиште во Републиката и има континуирана научноистражувачка и уметничка активност во неа, за тоа го известува соодветното одделение по истекот на повеќе од една година од стекнувањето.“

**Член 23**

Членот 70 се брише.

**Член 24**

Членот 71 се менува и гласи:

„Предлог за промена на статусот на член надвор од работниот состав во статус на редовен или на дописен член може да поднесат одделенијата во согласност со конкурсот и со правилниците што ги уредуваат постапката и критериумите за избор на членови на Академијата.

Одделението го доставува својот предлог за промена на статусот на член надвор од работниот состав во статус на редовен или на дописен член до Претседателството на Академијата во рокот определен во член 52 од овој Статут.

Претседателството ги доставува до Собранието на Академијата предлозите од одделенијата за промена на статусот член во работниот состав во статус на член надвор од работниот состав и за промена на статусот член надвор од работниот состав во статус на редовен или на дописен член.

Собранието на Академијата донесува одлука за промена на статусот член во работниот состав во статус на член надвор од работниот состав и за промена на статусот член надвор од работниот состав во статус на редовен или на дописен член на првата седница на Собранието на која се врши избор на членови на Академијата.“

**Член 25**

Членот 73 се менува и гласи:

„Член на Академијата има право на обезбедување финансиски средства за престој во земјата или во странство заради вршење на истражувања во областа на науките и уметностите, за учество на научни собири и уметнички приредби, како и за одржување предавања или за претставување уметнички творби.

Барањето за обезбедување финансиски средства за престој во земјата и во странство членот на Академијата го поднесува до Извршниот одбор на Претседателството на Академијата, а за престој во странство Одборот за меѓународна соработка му доставува мислење на Извршниот одбор на Претседателството на Академијата за оправданоста на барањето за обезбедување финансиски средства.

Членот на Академијата, по завршување на престојот, поднесува извештај за текот на престојот, за остварените активности и за резултатите од тие активности, и тоа за престојот во странство до соодветното одделение, кое со свое мислење го доставува до Извршниот одбор на Претседателството на Академијата заради негово прифаќање, а за прифаќањето на извештајот за престој во земјата решава соодветното одделение.

Поблиски одредби за обезбедување финансиски средства на членовите на Академијата заради вршење истражувања во областа на науките и уметностите, за учество на научни собири и уметнички приредби, како и за одржување предавање или за претставување уметнички творби во земјата или во странство, пропишува Претседателството на Академијата со посебен правилник.“

**Член 26**

Членот 75 се менува и гласи:

„Членовите надвор од работниот состав и почесните членови имаат исти права како и членовите во работниот состав да учествуваат во дејноста на Академијата согласно со нејзините акти, освен правото да избираат членови на Академијата, да избираат и да бидат избирани во органите, одделенијата и научните и уметничките организациони единици на Академијата и да учествуваат во одлучувањето на органите и одделенијата на Академијата, согласно со нејзините акти.“

**Член 27**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Билтенот на Академијата.

Претседател,
акад. Љупчо Коцарев